РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08-1213/3
12.05. 2023

Врз основа на член 76 став (3) и (4), член 79 став (1) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 55-та седница одржана на 31.03.2023 година, донесе

## ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ

**за присоединивање на две единици, Факултет за информатика и Факултет за безбедносно инженерство на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" во Свети Николе**

1.Се донесе позитивно мислење на спогодбата, односно на статусните промени, по однос на присоединување на две единици, Факултет за информатика и Факултет за безбедносно инженерство на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе, согласно член 76 став (3) и (4) и член 79 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21),

2. Ова мислење е конечна и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе, достави барање, со придружна документација, до Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, со нивен бр.03-299/1 од 09.12.2022 година, наш број 08-1213/1 од 09.12.2022 година, за мислење за статутарна промена, кое се однесува на присоединување на две единици, Факултет за информатика и Факултет за безбедносно инженерство, на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 23.12.2023 година, формира Стручна комисија за давање на мислење за статутарна промена, кое се однесува на присоединување на две единици, Факултет за информатика и Факултет за безбедносно инженерство, на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе, со задача да подготвува извештај, по однос на доставеното барање и придружната документација.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-1213/3 од 28.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 55-та седница одржана на 31.03.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Позитивното мислење на спогодбата, односно на статусните промени, по однос на присоединување на две единици е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова